Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен Весник на Република Македонија бр. 199/14, 44/15, 44/15 , 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров, пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров – Скопје, го дава следното:

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

Се известуваат граѓаните и правните лица, дека Општина Ѓорче Петров донесе Решение за организирање на:

**Јавна презентација и Јавна анкета**
**на Предлог Детален урбанистички план за градска четврт СЗ 13,**
**Општина Ѓорче Петров-Скопје,**

Планскиот опфат го опфаќа подрачјето дефинирано, во рамки на следните граници:

- На **исток** границата се протега по осовината на планирана собирна ул. „Сремски Фронт"по ГУП на Град Скопје 2012-2022.
- На **југ** границата се протега по осовината на планирана собирна ул. „Ѓорче Петров"по ГУП на Град Скопје 2012-2022.
- На **запад** границата се протега по осовината на планирана градска магистрала ул.„Сарај "по ГУП на Град Скопје 2012-2022.
- На **север** границата се протега по осовината на планирана градска магистрала ул.„Црногорска" по ГУП на Град Скопје 2012-2022.

**Површината на планскиот опфат во рамките на опишаните граници изнесува 51,71ха.**

- Јавна анкета ќе трае 15 работни од 30.12.2019год. до 21.01.2020год., согласно објавата за организирање на јавна анкета и јавна презентација во јавните гласила „Вечер" и „Нова Македонија", во информацискиот систем е-урбанизам и на веб сајтот на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.
- Во периодот на јавната анкета, Предлогот на Детален урбанистички план за градска четврт СЗ 13, Општина Ѓорче Петров-Скопје ќе биде изложен во просториите на УЗ Дексион, Општина Ѓорче Петров, секој работен ден од 08.$^{00}$ до 16.$^{00}$ часот.
- Соопштението за организирање на јавна анкета е објавено во Јавните гласила „Вечер" и „Нова Македонија", во информацискиот систем е-урбанизам и на веб сајтот на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.
- Јавна презентација со стручно презентирање на планот за претставници на јавните претпријатија и институции, ќе се одржи на 10.01.2020 год. во 14$^{00}$ часот во просториите на УЗ Дексион, додека Јавна презентација со стручно презентирање на планот за заинтересираните граѓани, ќе се одржи на 10.01..2020год. во 15$^{00}$ часот во просториите на УЗ Дексион.
- Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица можат да доставаат забелешки на анкетните листови во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма.

**Број** 03-4143/2
**од** 23. 12 **2019 година**
**Скопје**

**Општина Ѓорче Петров**
**Г р а д о н а ч а л н и к,**
**Александар Наумоски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Општина Ѓорче Петров СКОПЈЕ